Peace Corps
NORTH MACEDONIA



# Годишен извештај 2022

Peace Corps

# Порака од директорката



Дебора Конер
Директорка на Мировен корпус
Северна Македонија

Ќе започнам со крајот на годината. Важните новости во 2022 година се дека Мировниот корпус Северна Македонија повторно пречека волонтери! Петнаесет волонтери на Мировниот корпус дадоа заклетва на 7 декември пред амбасадорката Анџела Агелер. Волонтерите пристигнаа на 26 септември и учествуваа во 11-неделна обука во областа на културата, техничките и јазичните вештини пред да дадат заклетва како волонтери. Сместени се во градови на час и половина оддалеченост од Скопје. Има 11 волонтери по англиски јазик кои помагаат во предавањето англиски јазик во основни и средни училишта, како и 4 волонтери за развој на заедниците кои соработуваат со организации во нивните заедници.Пред пристигнувањето на волонтерите, во јуни нè посети новоназначената регионална директорка Бека Гонг Шарп. Покрај Северна Македонија, беше во посета и на Црна Гора, Албанија и Косово. Директорката Шарп се сретна со нашите партнери, соработници и семејства-домаќини, кои ги споделија своите искуства со волонтерите. Исто така, имаше можност да помине време со вработените во Мировен корпус и да дознае повеќе за нивното искуство во организацијата. Многумина од нив се дел од Мировен корпус повеќе од 15 години.

Имавме можност да се сретнеме со нашите организациски партнери и потпишавме два нови петгодишни меморандуми за разбирање: првиот со Црвениот крст на Република Северна Македонија и вториот со Агенцијата за млади и спорт. Исто така, остваривме средби со технички организации и го претставувавме Мировниот корпус на состаноци и настани во Куманово, Велес и Скопје. Програмите за Развој на заедниците и Англиски јазик и инклузивно образование продолжија со активно вклучување на организациите и луѓето во нивните онлајн обуки за развивање на техничките вештини. Повеќе од 160 членови на организации посетуваа обуки за дизајнирање, имплементирање и управување со проекти. Покрај тоа, Мировниот корпус во партнерство со Канцеларијата за регионална младинска соработка (RYCO) и 27 млади ја посетија втората обука Младинско лидерство. Сесиите обработуваа теми за лидерство, комуникација, интеркултурен дијалог, активно вклучување на младите и волонтерство. Во рамките на програмата за англиски јазик и инклузивно образование се одржаа многу виртуелни работилници за професионален развој. Речиси 1000 наставници беа дел од работилниците на македонски и албански јазик и на четирите сесии се обработија многу различни теми.

Оваа година, со воведувањето на Програмата за виртуелна служба, имавме можност да им понудиме на училиштата и организациите малку поинаква можност за соработка. Лица што живеат во САД земаа учество во програма во Северна Македонија со помош на технологијата „Зум“. Се работи за поранешни волонтери на Мировен корпус во Северна Македонија, па можеа да ги користат стекнатите јазичните вештини и да соработуваат со локален центар и училиште за да помагаат при активности за млади. И двете искуства беа многу позитивни, па затоа и успеавме да го прошириме бројот на учесници и во 2023 година ќе имаме пет вакви волонтери.

На крајот, поддржавме четиримесечен проект за обуки за пет организации наречен „Иницијатива за поддршка на развојот на волонтерски програми за граѓанските организации“. Идејата потекнува од истражувачката студија од 2021 година со наслов „Млади и КОВИД-19 во Северна Македонија: потреби, предизвици и последици“. Јасен заклучок од истражувањето беше потребата за повеќе можности за младите. Се надеваме дека благодарение на оваа програма, организациите фокусирани на млади ќе успеат да го зголемат бројот или да обезбедат места за волонтирање на младите.

Прочитајте за гореспоменатите активности и други поважни моменти во овој годишен извештај за 2022 година. Чест ни е што имаме волонтери во државата и одвај чекаме да се зголеми нивниот број и да се зголемат можностите за училиштата и организациите да земат учество откако ќе побараат волонтер на Мировен корпус.

# Накусо за Мировен корпус

Историјатот на Мировниот корпус се заснова врз заедничката визија за што сè е возможно ако се соработува, се живее заедно и се слави различноста на културите низ целиот свет. На 14 октомври 1960 година, во говор за кампањата, тогашниот сенатор Џон Ф. Кенеди ги предизвикал студентите на Универзитетот Мичиген да одвојат две години од животот да им помогнат на луѓето во земјите во развој. *„Колкумина од вас што ќе станат лекари се подготвени да живеат во Гана?“*



Во 1961 година, Претседателот на Соединетите Американски Држави Џон Ф. Кенеди го основал Мировниот корпус за да промовира мир и пријателство во светот поттикнувајќи ги Американците да живеат и да работат во земјите во развој.

Во 2021 година, Мировниот корпус прослави 60 години од постоењето, но мисијата и улогата на Мировниот корпус го издржаа тестот на времето. Трите цели на Мировниот корпус се исто толку важни денес како при основањето:

Цел 1: Да се обезбедат волонтери коишто ќе дадат свој придонес во развојот на заинтересираните земји преку размена на информации и искуства.

Цел 2: Да помогне луѓето од овие земји да имаат подобро разбирање за луѓето од Америка

Цел 3: Да помогне луѓето од Америка да стекнат подобро разбирање за народите од земјите во светот.

Од 1961 година, повеќе од 240 000 волонтери на Мировниот корпус служеле во 142 држави и оставиле во наследство заеднички вредности, подобрени односи и одржлив развој во заедниците.

# Мировен корпус во Северна Македонија

Мировниот корпус ја формира својата програма во Северна Македонија во 1996 година, на покана од Владата на Северна Македонија. Седум волонтери пристигнаа во јуни 1996 година и ја поминаа тримесечната обука тоа лето во Скопје. Шест волонтери служеа во средни училишта во различни градови во Северна Македонија и еден волонтер ја презеде улогата на предводник на волонтерите. Оттогаш, повеќе од 800 волонтери служеле во училишта, општини, граѓански организации и јавни институции за да ги задоволат различните потреби на заедниците ширум земјата.

Во 2003 година, Претседателот Борис Трајковски ја посети нашата нова канцеларија на ул. Осло во Тафталиџе и им посака успешна работа на вработените во Мировниот корпус. Официјално ја отвори новата канцеларија со тоа што пуштија два бели гулаби заедно со тогашниот директор во земјата, Ким Грин.

Како признание за значењето на Мировниот корпус за подобрувањето на македонско- американското пријателство, како и за ангажманот и посветеноста на волонтерите во македонското општество, Претседателот на Северна Македонија Ѓорге Иванов му додели Орден за заслуги на Мировниот корпус во 2011 година.



*Група: МАК 1, 1996*




*Посета на Претседателот Трајковски*

## Мировен корпус во Северна Македонија денес

Волонтерите на Мировниот корпус служат на еден од двата проекти: Проект за англиски јазик и инклузивно образование и Проект за развој на заедниците, со посебен фокус на младите и лицата со посебни потреби.

Во текот на својата служба во Северна Македонија, волонтерите се запознаваат со локалната култура, ги учат локалните јазици и активно учествуваат во општествениот живот. По пристигнувањето во Северна Македонија, волонтерите поминуваат низ интензивна обука за јазик, култура и технички вештини. Мировниот корпус ја имплементира својата програма во Северна Македонија преку директна соработка со повеќе државни и локални партнери коишто се активни во сферата на образованието, развојот на заедницата, работа со младите и лицата со посебни потреби.

# Достигнувања: Што ја одбележа 2022 година

**15**
волонтери што пристигнаа

**18**
места во кои служат волонтерите

**9**
основни училишта каде работат

**2**
средни училишта каде работат волонтерите

**4**
невладини организации во кои служат волонтерите

**2**
младински центри во кои служат волонтерите

**1**
универзитет каде што работи волонтер

**11**
градови во кои има волонтери

**11**
циклуси виртуелни работилници

**1695**
учесници во работилници

**1**
проект од програмата за помош на мали проекти

**26**
години Мировен корпус во Северна Македонија

# Проект за развој на заедницата




Проектот за развој на заедницата во Северна Македонија одговара на потребите на локалните заедници и партнери заедно да изнајдат можности за граѓанско учество, особено за младите. Исто така, ги поддржува локалните организации во развојот на одржливи и значајни програми и активности кои ќе ги изградат капацитетите на младите, граѓаните, предавачите и маргинализираните групи.

Проектот за развој на заедницата во Северна Македонија се развива во партнерство со националните институции и партнери, граѓански организации, младински организации и локалните општини. Целта на Проектот за развој на заедницата е да ги поддржува граѓаните и организациите во Северна Македонија да спроведуваат одржливи напори за развој во заедницата, кои би биле инклузивни и од кои сите категории граѓани би имале корист. Проектните активности се дизајнирани да исполнат три главни цели: да се подобрат капацитетите на организациите и општествените групи да ги исполнуваат идентификуваните потреби во заедницата; да ги зајакнат животните вештини на младите; и да ги зголемат можностите за активно учество во заедницата, особено за младите.




> "Одамна не се случило виртуелна работилница да ми го задржи вниманието како овие на Мировен корпус. Сите теми беа релевантни за мојата работа и беа презентирани на јасен и разбирлив начин." – Коментар до учесник од локална општина.

Изминатата година, во рамките на Програмата за развој на заедницата се одржаа повеќе циклуси онлајн работилници за професионален развој за локални и национални организации, општини и младински организации. Во нив имаше сесии за дизајнирање и управување со проектен циклус, мониторинг и евалуација, волонтирање и создавање резилиентност кај младите за време на КОВИД. Повеќе од 160 учесници беа дел од овие работилници. Покрај тоа, тимот од Проектот за развој на заедницата организираше четиримесечна програма со технички консултанти од пет локални организации. *„Иницијативата за поддршка на развојот на волонтерски програми за граѓанските организации“* им овозможи да ги прошират можностите за волонтирање на младите, што беше проблем истакнат (кој го финансираше и спроведе) истражувачката студија *„Млади и КОВИД-19 во Северна Македонија: потреби, предизвици и последици“*. Прочитајте повеќе за ова на страница 14.

# Проект за настава по англиски јазик и инклузивно образование

Мировниот корпус Северна Македонија го имплементира Проект за настава по англиски јазик и инклузивно образование во соработка со Министерството за образование и наука на Северна Македонија и Бирото за развој на образованието, како и со други институции и организации посветени на унапредувањето на образовните можности за сите ученици. Проектот за англиски јазик и инклузивно образование има две цели. Првата цел е ги поддржи учениците да стекнат комуникациски вештини на англиски јазик за да имаат пристап до академски и/или професионални можности. Втората цел се однесува на пристапот на учениците со посебни потреби до академски и професионални можности.

Под капата на Проектот за настава по англиски јазик и инклузивно образование, во текот на целата година организираше работилници за професионален развој на наставниците. Овој циклус на обуки се спроведе во текот на четири месеци со почеток од ноември 2021 година. Четири важни теми беа обработени на македонски и албански јазик и тоа:

1. Методологија во која фокусот е на ученикот,
2. Управување со училницата,
3. Различноста во училницата,
4. Справување со стресот на наставниците и учениците за време на КОВИД.




1,000 наставници учествуваа во работилниците, 112 на албански јазик и 880 на македонски јазик.

Целта на циклусот работилници е:

- Да им даде поддршка на наставниците во спроведувањето на квалитетна настава за учениците кои се соочија со прекини во нивната едукација поради КОВИД-19;
- Да ги поддржи наставниците во развивањето механизми за справување за нив самите како и за нивните ученици, кои би помогнале да се ублажат негативните последици од КОВИД-19 врз менталната благосостојба;
- Да се промовира Мировниот корпус и неговата Програма за образование за да се осигура интересот училиштата и наставниците повторно да добијат волонтери при нивното враќање.



# Важни настани во 2022 година

## ВОЛОНТЕРИ НА МИРОВЕН КОРПУС ПОВТОНО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во септември 2022 година, 15 жители на САД пристигнаа во Северна Македонија каде ќе служат како волонтери на Мировен корпус во наредните две години. Ова е првата група волонтери што пристигна во нашата земја по глобалната евакуација поради КОВИД-19 во март.




Многу од местата каде ќе живеат и работат волонтерите претстојните две години со нетрпение очекуваа можност да имаат волонтер. Нашите волонтери ќе работат во девет основни училишта, две средни училишта, четири невладини организации, два младински центри и еден универзитет. Одбраните места ја отсликуваат различноста во земјата бидејќи има рурални и урбани места од различна етничка, религиозна и културолошка припадност.

По пристигнувањето во Северна Македонија, волонтерите поминаа тримесечна обука која ги подготви за службата. Во неа имаше часови по македонски и албански јазик, како и обуки од областа на културата, техничките вештини, безбедноста и здравјето. Оваа година тоа изгледаше малку поинаку во споредба со досега поради мерките за КОВИД-19. Поголем дел од сесиите беа виртуелни, каде волонтерите посетуваа часови на „Зум“ и се среќаваа во живо еднаш неделно. Исклучително сме горди што го спроведовме овој модел на обука и што имавме можност да експериментираме со виртуелни обуки.

По завршувањето на обуката, волонтерите официјално дадоа заклетва и почнаа со службата. На церемонијата за заклетвата присуствуваше амбасадорката на САД во Северна Македонија Анџела П. Агелер, заменик министерот за образование и наука г. Лулзим Алиу, претставници од нашите партнерски организации, соработници, семејства-домаќини, како и други соработници од меѓународната заедница.

*„Волонтерите го претставуваат најдоброто што Америка му го нуди на светот и истовремено го понесуваат со себе најдоброто што Северна Македонија му го нуди на светот, особено на Америка. Градат цврсти мостови меѓу луѓето во двете земји кои не се уриваат со текот на времето и покрај завршувањето на службата,“* изјави амбасадорката Анџела П. Агелер.



# Посета на регионалниот директор

Во периодот од 11-15 јуни 2022 година, Мировниот корпус Северна Македонија имаше чест да биде домаќин на Ребека Гонг Шарп - Регионален директор за Европа, Медитеранот и Азија во Мировен Корпус. При посетата, Ребека се сретна со вработените во Мировен корпус Северна Македонија за да разговара за приоритетите и стратешките планови за развој. Во текот на посетата, Ребека се сретна со семејство-домаќин, беше во основно училиште во руралната област Буковиќ, Скопје, како и со некои национални партнери и организации: Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO), Младинскиот локален центар во Гостивар, Бирото за развој на образованието, како и дел од местата каде престојуваат волонтери во Куманово.







*„Штотуку се вратив од исполнето патување на Балканот, каде се сретнав со соработници, наставници, ученици, водачи на непрофитни организации, службеници во министерства, амбасадори и нашите посветени вработени во четири земји - Албанија, Црна Гора, Косово и Северна Македонија. Пораката што ја слушнав во заедниците е дека штетните последици од КОВИД-19 се распространети насекаде, па Мировниот корпус може да помогне со опоравувањето. Пандемијата на КОВИД-19 истакна многу општествени слабости, ја зголеми економската нееднаквост, образовниот јаз, недостатокот на дигитална писменост, социјалната изолација и семејното насилство. Токму затоа е клучна улогата на Мировниот корпус и поддршката на волонтерите.“* - Изјава на Ребека Гонг Шарп, 1 јули 2022 година

# Партнерства

Продолжувајќи ја успешната историја на взаемни соработки, Мировниот корпус Северна Македонија ги обнови меморандумите за разбирање со неколку национални партнери. Вработените во Мировниот корпус посетија повеќе настани, активности и состаноци со различни организации и институции меѓу кои: Националниот младински совет на Македонија, Сојузот за младинска работа, Нансен дијалог центар Скопје, Канцеларијата за регионална младинска соработка, Црвениот крст, Сојузот на извидници, АРНО, Министерството за локална самоуправа, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, локалните општини итн.

Во март, Мировниот корпус Северна Македонија и Црвениот крст на Република Северна Македонија потпишаа нов Меморандум за разбирање за претстојните пет години. Меморандумот е резултат на успешната соработка изминатите неколку години и намерата да се продолжи со истата преку развивање проекти и активности во одделот за Развој на заедниците кој го идентификуваше Црвениот крст.



Во април, Мировен корпус Северна Македонија и Агенцијата за млади и спорт потпишаа нов Меморандум за разбирање и ја продолжија долготрајната успешна соработка. На состанокот, директорот на агенцијата, г. Наумче Мојсовски и директорката на Мировен корпус Северна Македонија Дебора Конер разговараа за идните планови и ги потврдија соработката, поддршката и ентузијазмот на двете страни. Агенцијата за млади и спорт и Мировниот корпус Северна Македонија имаат многу заеднички цели за работа со младите во земјата.

Во јули, директорката на Мировен корпус Северна Македонија Дебора Конер, менаџерките на програма Надица Георгиева и Мирлинда Алемдар и координаторката за јазик Ивана Трандафиловска имаа продуктивен состанок со претставници од Нансен дијалог центар. Мировниот корпус Северна Македонија доби книги со фрази, речници и објави кои волонтерите ќе ги користат во иднина. Двете организации разговараа за идна соработка и заеднички активности.





Во август, директорката за програми и обуки Ребека Стинберген и регионалната менаџерка Теута Салји одржаа состанок со градоначалникот на Куманово, г. Максим Димитриевски. Разговараа за успешната соработка и плановите за иднината.

Во 2023 година, Мировен корпус Северна Македонија има план да ги обнови Меморандумите за разбирање со Министерството за локална самоуправа, Националниот младински совет на Македонија и да ја продлабочи соработката со постоечката партнерска мрежа, како и да ја прошири мрежата со соработници.

# Други активности

## Младинско лидерство 2.0

Во март 2022 година, Мировниот корпус Северна Македонија во соработка со Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO), организираа втор циклус од онлајн работилницата „Младинско лидерство 2.0“. Работилницата беше отворена за сите млади заинтересирани за подобрување на своите вештини од областа на лидерство, комуникација, интеркултурен дијалог, активно учество на младите, волонтирање и справување со конфликти. 27 млади од сите делови на Северна Македонија беа дел од оваа онлајн работилница и успешно поминаа шест-дневна обука и добија сертификат за учество.

*Од оваа активност научив многу нови работи кои можеби ми звучеа познато, но не знаев што значат. Мислам дека е супер и помага со многу работи, почнав да разбирам како функционираат работите. Сфаќам дека ние младите треба да учествуваме во повеќе вакви работи. - Цитат од учесник.*




## Пилот програма за виртуелна служба

Учесниците на Пилот виртуелната служба придонесуваат за мисијата на Мировниот корпус преку краткорочни ангажмани со помош на технологија ги поддржуваат партнерските проекти на земјата-домаќин. Виртуелната служба се разликува од волонтирањето за Мировниот корпус и службата на повик. Учесниците во пилот виртуелната служба придонесуваат за мисијата на Мировниот корпус како независни граѓани додека истовремено ги исполнуваат нивните обврски на работа или училиште.

Од април до јуни 2022 година, Мировниот корпус Северна Македонија со задоволство ја започна пилот програмата за виртуелна служба со двајца истакнати учесници: Лиз Бајрон, волонтер-повратник на Мировниот корпус која го поддржуваше Младинскиот локален центар во Гостивар (YCC) и Стивен Баркдол кој преку виртуелна служба ги поддржуваше образовните иницијативи во основното училиште „Елпида Караманди“ - Битола.

Учесниците поминуваа 5-15 часа неделно работејќи со соработниците на дадени задачи и ја унапредуваа мисијата на Мировниот корпус преку виртуелни ангажмани. Остварија блиска соработка со партнери и соработници со цел да го унапредат учењето и да го подобрат искуството во училницата за учениците.

Ова беше креативен начин за соработка и имплементирање проекти во училишта и организации во Северна Македонија кои не можеа да добијат волонтер во овој циклус и луѓето во САД кои не беа во можност да патуваат.




## Виртуелни работилници

За време на летниот распуст, Мировниот корпус Северна Македонија продолжи со овозможување професионален развој на наставниците во државата. Г-ѓа Трајанка Аврамоска, Советник од Државниот испитен центар одржа презентација за „Изготвување тестови на знаење и оценување“. Настанот го посетија 508 наставници од различни делови од земјата и се повтори двапати, со обезбеден превод на албански јазик.




## Ден на планетата Земја

Со цел да го одбележат Денот на планетата Земја на 22 април, вработените во Мировен корпус со невладината организација Американски совети за меѓународно образование Северна Македонија организираа акција за чистење покрај реката Вардар близу градскиот парк во Скопје. Тимот наполни петнаесет големи вреќи со отпад кои потоа соодветно беа фрлени и ја среди таа област.



# Фондови за помош на мали проекти



Во 2021 година, Мировниот корпус Северна Македонија спроведе истражувачка студија *„Млади и КОВИД-19: потреби, предизвици и последици“* за да дознае повеќе за младите во државата и какво влијание имаше КОВИД-19 врз нивните животи.

Еден од предизвиците кои се истакнаа е дека младите се соочуваат со недостаток на можности за волонтирање. Како резултат на тоа, Мировниот корпус Северна Македонија започна соработка со пет локални организации кои работат со млади на “*Иницијативата за поддршка на развојот на волонтерски програми за граѓанските организации*”. Целта на овој проект финансиран од УСАИД беше да се соработува со организациите и преку обуки и менторство да се формираат или да се зајакнат нивните постоечки програми за волонтирање.

Пет организации (АРНО - Здружение за социјални иновации - Скопје, Центарот за еднакви можности „Бубамара“ -Тетово, Центар за истражувања и анализи НОВУС - Струмица, Младински центар Кавадарци и Младински центар Велес) посетуваа интензивна обука во јуни и јули, каде се обработуваа теми како законската рамка за волонтирање, правата и обврските на волонтерите, стратегии за промовирање и обезбедување волонтери, како и мониторирање на волонтерската работа.

Во септември се одржа завршен настан за проектот и претставници од граѓанскиот сектор, јавни институции и други партнери на Мировниот корпус. Сите пет организации ја презентираа својата работа и активностите за да прикажат како обуката им овозможила да ги подобрат нивните програми за волонтирање.



# Прослава за 4 јули

Мировниот корпус Северна Македонија ја претстави својата работа на јавната прослава по повод 4 јули - денот на независноста на САД во американската амбасадата во Скопје. Повеќе од 800 посетители се запознаа со работата на Мировниот корпус Северна Македонија и имаа можност да одговараат на прашања и да освојат платнена торба. За време на прославата, тимот се запозна и со локалните партнери на Мировниот корпус.












# Идни планови

Повикот за апликации за волонтери на Мировниот корпус за 2023 година ќе се објави во февруари 2023 година. Ги поттикнуваат да аплицираат сите основни и средни училишта, универзитети, невладини организации, јавни институции и општини.

Вработените во Мировен корпус планираат да одржат неколку промотивни состаноци во различни заедници каде ќе зборуваме за придобивките кои може да ги имаат со волонтер од Мировниот корпус. Ако сакате да дознаете повеќе за Мировниот корпус и работата на волонтерите на Мировниот корпус, посетете ги нашите страници на Фејсбук и Инстаграм или пишете ни на mk-info@peacecorps.gov.


Peace
Corps
NORTH
MACEDONIA